ПРИЛОГ II.1
ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ 3

1.1 | Капацитет на фармата на КП95/3 3
1.2 | Систем за производство во шталите 1 и 3 3
1.3 | Процес на работа 5
1.4 | Процес на сортирање и пакување на јајца 5
1.5 | Вентилација 7
1.6 | Силоси 7
1.7 | Исхрана 7
1.8 | Јајца 8
1.9 | Водовод и канализација 8
1.10 | Енергии и горива 9
1.11 | Изѓубрување 9
1.12 | Одржување на хигиена 9

2. ДОДАТОЦИ 11

1. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Активноста што се одвива во живинарската фарма ГОЛДЕН ЕГ вклучува исклучиво одгледување на кокошки несилки и производство на јајца, при што кога кокошките ќе наполнат 90 недели се продаваат, бидејќи повеќе не се во можност да ја вршат функцијата на кокошки - несилки. Фармата Голден Ег ДООЕЛ Скопје не се занимава со производство на месо од живината. Единките кокошки се набавуваат во нивната 16 недела од живот, се одгледуваат до 90 недела и потоа истите се продаваат.

Основна дејност на живинарската фарма ГОЛДЕН ЕГ е одгледување на кокошки – несилки и производство на конзумни јајца, нивно складирање и продажба на големо.

Генерално, активностите за одгледување живина (кокошки – несилки) се состојат од неколку постапки како што се складирање на суровина, системи за хранење, одгледување на живина, отстранување на биолошки материи, ракување со возила, отстранување, складирање и третман на отпад.

Фармата одгледува несилки (Lochman, Decalb и ISA brown) кои ги набавува од Фарма Шест Браќа или преку увоз од Србија. Капацитетот на фармата на КП 95/3 е 8000 кокочки несилки, а на КП 102/1 е 21.120 кокошки несилки.

Несилките Lochman несат во просек по 320 јајца до 72 недела, Decalb 500 јајца на 100 недели и ISA Brown 6 јајца на недела. Несивоста на несилките е 95% првите три месеци, па паѓа на 75% од максималниот капацитет. Несилките во фармата максимално можат да бидат до 120 недели. После тој период се носат во кланица.

Целокупната опрема инсталирана во ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ Скопје е изработена од нерѓосувачки челик наменет за прехрамбена индустрија и е отпорна на корозија и промени при контакт со храна, лесна е за чистење, одржување и дезинфекција.

Во фармата е позиционирана опрема за одгледување на несилки. Одбраниот систем за одгледување овозможува ефикасно производство на јајца и чување на несилките во соодветни услови на сместување согласно со директивата 1999/74/ЕС. Big Dutchman системот нуди ефикасно производство на јајца во согласност со Директивата 1999/74/ЕС1. Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење, како и со подлоги за несење и простирки.

1.1 | КАПАЦИТЕТ НА ФАРМАТА НА КП95/3

Технички информации:

- Број на редови: 2
- Број на катови: 5 по ред
- Број на живина во групата [13000 max]
- Корисна површина по животно: 750 cm^2/птица

Во фармата на КП 95/3 се одгледуваат 8192 кокошки несилки.

Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење на несилките. Кафезите се организирани во 2 секции на 5 спрата. Ширината на секоја секција е 1,24 m, а должината и е 48 m. Технолошката шема на производство дадена е во додаток 1.

1.2 | СИСТЕМ ЗА ПРОИЗВОДСТВО ВО ШТАЛИТЕ 1 И 3 НА КП 102/1

Во шталите е позиционирана одбрана опрема за одгледување на несилки. Одбраниот систем овозможува ефикасно производство на јајца и чување на несилките во соодветни услови на сместување согласно со директивата 1999/74/ЕС.

Системот нуди ефикасно производство на јајца во согласност со Директивата 1999/74/ЕС. Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење, како и со подлоги за несење и простирки.

Технички информации за штала 1

- Број на редови: 2
- Број на катови: 4 по ред

- Број на живина во групата [6144 max]
- Корисна површина по животно: 750 cm^2/птица

Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење на несилките. Кафезите се организирани во 2 секции на 4 спрата. Ширината на секоја секција е 1,24 m, а должината и е 40m.

Досегашниот капацитет на фармата беше 8192 места за кокошки - несилки од Лохман расата на кокошки. Кокошките – несилки се одгледуваат во основен кафезен систем.

Во штала 1 има вкупно 1024 кафези.

Технички информации за штала 3

- Број на редови: 3
- Број на катови: 8 по ред
- Број на живина во групата [14976 max]
- Корисна површина по животно: 750 cm^2 /птица

Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење на несилките. Кафезите се организирани во 3 секции на 8 спрата. Ширината на секоја секција е 1,24 m, а должината и е 40 m.

Пристапот на погорните спратови од кафезите, ќе се врши со помош на подвижни скали, и челична платформа како би се пристапило од 4-ти до 8-ми спрат на кафези.

Со проширувањето, капацитетот на фармата е 21.120 места за кокошки - несилки од Лохман расата на кокошки. Кокошките – несилки се одгледуваат во основен кафезен систем.

Во штала 3 има вкупно 2820 кафези.



Слика Места за одгледување кокошки во штала 3

Big Dutchman систем на одгледување на кокошките несилки во шталите 1 и 3

Шталите се опремени со автоматизирана технолошка линија на производителот "Big Dutchman". Технологијата опфаќа:


- Кафези за кокошки несилки поделени по спратови во редови. Секој ред има четири + четири спрата одвоени со средишна платформа.
- Кафезите се опремени со ЛЕД светилки со моќност од 5W, поилки, систем за континуирано снабдување со храна, систем за прифаќање на јајцата и систем за изѓубрување.
- Систем за автоматско снабдување на вода за пиење со предтретман.
- Систем за автоматско континуирано хранење.
- Систем за автоматска колекција на јајцата.
- Систем за автоматско континуирано изѓубрување.

Big Dutchman системот нуди ефикасно производство на јајца во согласност со Директивата 1999/74/EC[1]. Системот е опремен со ленти за јајца и системи за хранење и поење, како и со подлоги за несење и простирки.

Системот опфаќа и систем за изѓубрување со подолжна лента за изѓубрување на крај на системот за чување на мали количини. Ѓубрето паѓа на лента за попречно изѓубрување која го транспортира надвор од шталата и преку вертикален транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство.

1.3 | Процес на работа

Процесот на работа се состои од повеќе технолошки процеси како што е прикажано на следниот дијаграм.



1.4 | Процес на сортирање и пакување на јајца

На Фармата за одгледување на кокошки несилки, инсталирана е линија за сортирање на јајца, на која се врши сортирање, пакување и печатење (кодирање) на јајцата.

Опремата за сортирање на јајца иако е со постар датум, не е со многу застарена технологија и работните операции ги извршува автоматски, а линијата воглавно се состои од следните машини:

- Машина за сортирање јајца со капацитет од 25.000 јајца/час,
- Опрема за УВ дезинфекција (дезинфекција и лампирање),
- Опрема за мерење на тежината на јајцата,

[1] COUNCIL DIRECTIVE 1999/74/EC of 19 July 1999 laying down minimum standards for the protection of laying hens

- Опрема за печатење на јајцата.

Јајцата што ги произведуваат несилките се тркалаат до решетката со покретна трака и така доаѓаат на крај од батеријата. Со лифт се собираат до главна линија која влегува во сортирницата што е во склоп на штала 1. Од шталата јајцата се транспортираат во сортирницата во предниот дел на објектот. Сортирањето на јајцата се врши со помош на машина за сортирање. Јајцата од халата преку транспортната трака најнапред доаѓаат до машината каде се печатира бројот на фармата, а потоа се пропуштаат низ машината за сортирање.



Слика Сортирница за јајца

Јајцата, наменети за конзумација се пакуваат во соодветни картонски подлошки и складираат во магацинот за привремено складирање на јајца, или веднаш се утоварат во возила за нивна дистрибуција. Јајцата со несоодветен квалитет (скршени, деформирани, со внатрешни неодстатоци и др.) се транспортираат во јамата за третман на умрената живина.

Сортирањето на јајцата е потполно автоматизирано, а пакувањето во картонски подлошки и транспортни кутии е рачно.Во промет се пуштаат само јајцата со екстра и прв квалитет, додека јајцата со несоодветен квалитет се користат за преработка.

Јајцата, од објектите за одгледување на кокошки несилки, во сортирницата доаѓаат преку посебно изведен транспортер за јајца (транспортна лента со слободно ротирачки цилиндри), кој ги собира и транспортира јајцата од фармата. Централниот транспортер ги внесува јајцата во сортирницата и ги носи на збирна маса, на која се врши прва инспекција на јајцата (визуелно одстранување на јајца со несоодветен квалитет).Јајцата со несоодветен квалитет се одстрануваат од линијата, а останатите јајца се пропуштаат према зоната за дезинфекција и лампирање.

Работникот на оваа позиција може да ја регулира работата на линијата, односно да го запре транспортот на јајца во сортирницата, доколку се соберат поголем број на јајца, со што автоматски се запира работата и на транспортерите за јајца, внатре во објектите за одгледување на кокошки несилки. Останатите јајца, продолжуваат да се движат до зоната за дезинфекција, при што се врши дезинфекција на јајцата по цела површина, со помош на УВ зраци, а потоа јајцата поминуваат низ зоната за лампирање. Јајцата се подложуваат на осветлување, тн. лампирање, во времетраење од 4,5с, при што се врши контрола на пукнатини на лушпата на јајцето, како и несоодветно поставена или недооформена жолчка.

Сите јајца со несоодветен квалитет се одстрануваат, како и при визуелната контрола, а исправните јајца продолжуваат да се движат до зоната на мерење на тежината, а потоа се врши трансфер на јајцата, односно сортирање, при што секое јајце се носи во сопствената единица.

Печатењето (кодирањето) на јајцата може да се врши на сите јајца кои се упатуваат на мерење или печатењето се врши по потреба само на одредена класа. На јајцето може да се отпечатат повеќе податоци, корисни за производителот (брендот на фармата, класата на јајце и сл.), но и за потенцијалните купувачи (потрошувачи), како што се брендот на фармата, класата на јајцата, датумот на производство, рок на употреба и др. ознаки, во зависност од местото и условите на продажба. Јајцата со испечатен код се пакуваат во стандардни подлолошки од по 30 јајца и

посебни подлошки со капак од по 10 јајца (комерцијално пакување), кој се затвара со помош на специјален затворач.

Подлошките со јајца се пакуваат во картонски кутии, како збирно пакување, од по 360 јајца (пакување со 12 подлошки од по 30 јајца или пакување со 36 кутии од по 10 јајца, а потоа се носат во магацинот за привремено чување, до моментот на испорака.Јајцата, по потреба или за одредени потрошувачи, можат да се испорачуваат и веднаш по извршеното сортирање, кодирање и пакување.

1.5 | Вентилација

Во шталите е поставен механички систем за вентилација и дотур на свеж воздух, како би се овозможиле контролирани услови на живот за несилките со униформирана температура и добар квалитет на воздух. Свежиот воздух, преку пластично саќе со систем Rainmaker влегува во шталата со голема брзина од северната страна на објектот, а неговото извлекување се одвива преку вентилаторски единици од јужната страна, со систем за автоматско управување. Вентилаторскиот систем во штала 1 на КП 102/1 се состои од 7 вентилатори: 4 големи, 2 мали и 1 среден. Вентилаторскиот систем во штала 3 се состои од 7 големи вентилатори. Во штала 3 поставени се и две клими за ладење на објектот во периодот мај-октомври. Вентилаторскиот систем во штала 1 на КП 95/3 се состои од 5 големи вентилатори.

1.6 | Силоси

За потребите на хранење на несилките покрај објектите на двете локации се поставени по еден силос од кои преку транспортен систем се дозира храната во кафезите за несилки. Силосите се изработени од поцинкуван челичен лим кој овозможува хигиенско и безбедно складирање на храната. Храната за кокошки се носи во силосите покрај објектот и преку затворен систем се доставува до кафезите со кокошки - несилки, а која во дефиниран временски опсег се движи во хранителните линии пред боксовите со кокошки.

1.7 | Исхрана

Живинарската фарма сама ја произведува храната по рецептура. Храната се набавува од редовни добавувачи и се складира во складот за храна. Во подготовката на храна се користат следните суровини:

Прашкасти:	Сол	Зрнести:	Соја
	Сода бикарбона		Сончогледова сачма
	Сточен квасец		Јачмен
	Премикс		Пченка
	Микосорп		Сточна креда
	Калциум фосфат		

Дополнително, во подготвената смеса од храна се додава и сончогледово масло за јадење.

Подготовката на храна подразбира и мелење на храната и нејзино комбинација по однапред подготвени рецепти. За таа цел, во складот за храна се поставени машини за мелење на зрнести суровини.

После приготвувањето на смесата, храната преку затворен систем се доставува до кафезите со кокошки - несилки, а која во дефиниран временски опсег се движи во хранителните линии пред боксовите со кокошки.

Една кокошка дневно јаде 120 gr храна. Во фармата на КП 95/3 има 8000 кокошки несилки. Во фармата на КП102/1 има 21.120 кокошки несилки. Вкупно на двете фарми има:

8000 + 21.120 = 29.120 кокошки несилки, односно за ихрана на сите кокошки се троши:

29.120 x 120 = 3.494.400 gr, т.е. **3.494,4 kg храна**

1.8 | ЈАЈЦА

Фармата Голден Ег ги произведува следните видови јајца: А или "свежи јајца" и класа Б. Јајцата од класата А се наменети за директна исхрана на човекот и треба да се класирани, означени и пакувани, не подоцна од 10 дена од нивното снесување, додека јајцата со ознака "екстра" се класираат, означуваат и пакуваат не подоцна од четири дена од нивното снесување. Јајцата од класата А според масата се класирани во:

XL – многу големи 73 g и повеќе
L - големи од 63 до73 g
M – средни (медиум) од 53 до 63 g
S – мали под 53 g

Јајцата од класата Б се наменети само за прехранбена и непрехранбена индустрија.

Според сегашниот капацитет од 29.120 кокошки несилки, фармата дневно произведува 34.000 јајца.

Произведените јајца се пакуваат во картонски кутии-големи и мали:

- Подлошка (30 јајца) со длабочина од 20лб
- Подлошка (30 јајца) со длабочина од 17лб
- Подлошка (30 јајца) со длабочина од 15лб
- Подлошка-комерцијална (10 јајца)
- Етикети
- ПЕ кеси
- Леплива лента (селотејп)

Спакуваните јајца се складираат во магацинот до максимум 7 дена и потоа се носат во продажните центри со кои ГОЛДЕН ЕГ има склучено договор за соработка.

1.9 | ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Голден Ег со вода се снабдува од водоводната мрежа. Водата од водоводната мрежа се користи за комунални потреби и за миење на фармата, но само при промена на турнус. Приклучокот на уличната водоводна мрежа е со профил ø 80 mm.

Изведбата на внатрешната водоводна мрежа е извршена со челични поцинкувани и пластични полпропиленски цевки. Полипропиленски водоводни цевки се користат за изведба на водоводната инсталација во рамките на санитарниот јазол. Останатиот дел од санитарната водоводна мрежа во внатрешноста на објект да се изведе со челични поцинкувани цевки. Изведбата на надворешната водоводна мрежа се изврши со полиетиленски водоводни цевки (ХДПЕ).

Снабдувањето со топла вода е преку електрични бојлери. Во санитарниот јазол снабдувањето со топла вода се врши преку електричен бојлер од 80l.

Поради тоа што во моментот нема канализациона мрежа во околината на која што објектите би се приклучиле, како преодно решение изведени се бетонски непропустни септички јами на двете локации, секоја со димензии 3x3x3 m во која се собираат сите отпадни води (комунални отпадни води и води од перење на шталите при промена на турнус) и истата се сервисира по потреба.

Внатрешната и надворешната фекална канализација е изведена од пластични (ПВЦ) канализациони цевки. Во шталите за кокошки – несилки се поставени подни сливници ø 100 mm. На излезот на фекалната канализација надвор од објектите е поставена ревизиона шахта. Отпадните води се одведуваат до бетонирани септички јами поставена во дворот на секоја локација.

Атмосферската вода од кровната површина се прифаќа преку атмосферски вертикали и се испушта во дворната површина.

Потрошувачка на вода

Водата во живинарската фарма во најголем дел се користи за напојување на живината. Дополнително, вода се користи за стандардни комунални потреби на персоналот на фармата. Во летните периоди, вода се користи и за разладување на живината.

Една кокошка дневно пие околу 200 ml вода или за 29312 кокошки дневната потрошувачка на вода изнесува 5862,4 l, односно годишно околу 2.139.776 l вода за поење на кокошките.

Потребно е да се земе во предвид и потребната количина вода за разладување во жешките денови околу 990 l/h за ладење на саќе или околу 16.50 l/min.

Или:

5862,4 l/дневно + ладење на површина 7920 l/ден во летни услови = 13.782,4 l/ден

При промена на турнус, односно на 90 недели, се врши темелно перење на шталите. Перењето се врши со вода под притисок за што просечно се троши околу 8 до 12 литри по m^2 или 8-9 m^3 вода за околу година и половина.

1.10 | Енергии и горива

Шталите за кокошки несилки се напојуваат со електрична енергија преку еден доводен кабел од главниот разводен ормар сместен во дворот на објектот. Складот за храна за кокошки се напојува со електрична енергија преку три доводни кабли од главниот разводен ормар сместен во дворот на објектот. Осветлувањето на внатрешните работни површини е со помош на LED цевасти светилки. За осветлување на тоалетите поставени се плафонски светилки со округла форма и штедливи извори на светлост со висока ефикасност. За осветлување на фасадта на објектот и непосредната околина се користат надворешни асиметрични рефлектори. Копија од платена сметка за електрична енергија дадена е во додаток 2.

1.11 | Изѓубрување

Шталите за одгледување на кокошки се опремени со автоматизиран систем за изѓубрување. Ѓубрето што го создаваат кокошките паѓа на лента за попречно изѓубрување што го транспортира надвор од шталата. Ѓубрето се собира во бетонски отворени јами поставени веднаш на источната страна од секој од објектите, од каде преку кос транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство со цел негово изнесување надвор од локацијата на фармата.



Слика Систем за изѓубрување

1.12 | Одржување на хигиена

Чистењето во фармата се врши на дневна основа со механичко чистење и дезинфекција, и темелно при промена на турнус, додека во сортирницата се врши редовно секојдневно чистење.

Прво се подготвуваат просторот, опремата и работните површини, потоа се врши пред чистење, за да се изврши чистењето. Чистењето се врши со одобрени средства за таа намена кои рамномерно се нанесуваат на површините. За чистењето се водат записи, а по секое чистење се врши мониторинг. Мониторингот е визуелен. Доколку чистењето и дезинфекцијата не се задоволителни се спроведуваат корективни активности. Системите за транспорт на добиточна храна, дотур на вода, како и транспортот на јајца, инсталирани внатре во објектите за одгледување на живината, се чистат и дезинфицираат во фазата на празнење на објектите, пред вселување на ново јато (според усвоената технологија на одгледување на живината, вселувањето и празнењето на објектите се врши според принципот "сите внатре-сите надвор"). Договорот за третман и контрола на штетници даден е во додаток 3.

2. ДОДАТОЦИ


Додаток 1 Технолошка шема на производство


Додаток 2 Копија од платена сметка за електрична енергија

Додаток 3 Договор за третман и контрола на штетници

Додаток 1 Технолошка шема на производство


КП 95/3






КП120/1

Штала 1



Штала 3


кон сортирница
од силос
КАФЕЗИ
КАФЕЗИ
КАФЕЗИ
ВЛЕЗ НА ХРАНА
ДВИЖЕЊЕ НА ЈАЈЦА
ДВИЖЕЊЕ НА ВРАБОТЕНИ
ИЗЛЕЗ НА ОТПАД
ВЛЕЗ / ИЗЛЕЗ НА ВРАБОТЕНИ
ДОВОД НА ВОЗДУХ
ОДВОД НА ВОЗДУХ
-312 кафези во 8 етажа
-14976 кокошки
МАГЕНТА инженеринг доо.е.л.
ОСНОВА
1:100
032/2025
A
3

Додаток 2 Копија од платена сметка за електрична енергија

EVN Group

Корисник: ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Адреса: Ул.1552 бр.70
1010 ВИЗБЕГОВО

Адреса за кореспонденција:
ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Ул.1552 бр.70
ВИЗБЕГОВО
1010 ВИЗБЕГОВО

Број на корисник: 101172179
Фактура број: 1501168818 - 1
Место и датум на издавање: Скопје, 31.01.2026

Фактура за период 01.01.2026 - 31.01.2026

	ДЕН
Дистрибуција на електрична енергија	
Надомест за пристап на електродистрибутивниот систем	
ДДВ 18%	
Комунална такса за јавно осветлување	
Износ за плаќање по фактура со рок до 20.02.2026	
Вкупно за плаќање	

Електродистрибуција Ви ги нуди следниве начини на плаќање:

Платете ја фактурата:
- преку електронско банкарство
- во пошта и банки

Пријавете кражба на ел. енергија!

Доколку имате информации за можна кражба на електрична енергија, информирајте нè на info@dso.mk или на П. Фах 554

2026.02.10 14:10:56
Управител
Elektrodistrib
Сашо Салтировски
Управител

При плаќање внесете повик на број: **101172179 - 15011688181**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Телефон за информации
и дефекти: 02 3205 300
e-mail: info@dso.mk
www.elektrodistribucija.mk

НЛБ Банка 210071492390127
Халк Банка 270071492390134
ЕДБ: MK 4080016560608

Додаток 3 Договор за третман и контрола на штетници

Друштво за производство, трговија и услуги
ПРИМАТЕКС
Бранка ДООЕЛ експорт - импорт
Бр. 03-358/1
31.07 2025 год
Скопје

Друштво за производство и одгледување
на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Бр. 07/2025
31.07. 2025 год
с.ВИЗБЕГОВО СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА УСЛУГИ НА Д.Д.Д.
Третман и контрола на штетници

Склучен на ден 04.08.2025 година меѓу:

1.) Друштво за производство трговија и услуги „Приматекс“ Бранка дооел експорт импорт Скопје , со седиште на бул.„Александар Македонски“ бр46ª , со даночен број – 4030994274768 , со жиро сметка 300000000250587 во Комерцијална Банка А. Д. Скопје, претставувано од Управителот Борјан Тошевски – (во понатамошниот текст Извршител на услугите).

и

2.) Друштво за производство и одгледување на Живина „Голден Ег“ Д.О.О.Е.Л. с.Визбегово Скопје, со седиште на Ул. „Македонско Косовска Бригада“ бр.50-23 со даночен број МК4038009500253 и ЕМБС 6459064, (во понатамошниот текст Корисник на услугите).

Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овој договор е планирање и извршување на годишна контрола на штетници во објектот на „Голден Ег“, согласно условите договорени со овој Договор.
Штетници кои преставуваат предмет на контрола се:

- глодари
- лазечки инсекти бубашваби - црна бубашваба (Blatta Orientalis) и лебарки (Blatella Germanica).

Обврски на извршителот

Член 2

Извршителот на услугата се обврзува стручно и професионално да ги врши следниве активности:

- да постави мониторинг во објектот;
- да обезбеди стручен персонал кој ќе го извршува стручни третмани и контроли;
- да обезбеди и употреби соодветни средства со кои ќе ги извршува дезинсекцијата и дератизацијата согласно потребите и идентификација на штетниците;
- да ги одреди местата каде ќе се постави мониторингот,феромонските мамци за инсекти,заштитните П.В.Ц. кутии за глодари кои за времетраење на Договорот ќе бидат дадени на користење,а доколку некоја од мамечките кутии се оштети од страна на вработените ќе бидат дополнително фактурирани по цена од 297 ден плус 18 % ДДВ / парче;
- да изготви графички план за истите и да ги проверува за време на контролите;
- да предлага превентивни мерки и активности кои ќе се превземат со цел да се обезбеди контрола и заштита од штетници;
- да го препорача начинот и местото на складирање на суровините и готовите производи со цел да се намали ризикот на манифестација од глодари и инсекти;

- да обезбеди документација за квалитетот и начинот за безбедна примена на препаратите.

Член 3

Извршителот на услугата се обврзува по склучување на овој договор да ја обезбеди следната документација која ќе биде предадена на корисникот на услугите,како што следува:

- договор за планирање и извршување на план и програма за годишна контрола на штетници;
- решение од Министерство за Здравство на Р.М. за вршење на дејност на услуги за дезинфекција дезинсекција и дератизација;
- регистрации од Министерство за Здравство на Р.М. за препаратите кои ќе бидат употребени;
- сертификат за квалитет на препаратите;
- safety data sheet за препаратите;
- писмени извештаи од извршените технички контроли;
- писмени извештаи од извршените рутински контроли;
- писмени извештаи од извршените третмани;
- мониторинг листа за инфестација на инсекти што лазат (бубашваби);
- мониторинг листа за инфестација на инсекти што летаат (пеперутки);
- мониторинг листа за манифестација на глодари;
- годишен извештај за извршени посети.

При предавањето на горенаведената документација страните ќе изготват протокол за примопредавање на документи.

Член 4

Извршителот на услугата се обврзува да врши контроли во објектот и тоа:

а) Една техничка контрола во месец август 2025

При самата контрола ќе се утврдуваат недостатоците како од хигиенска така и од техничка природа, кои треба да ги одстрани корисникот на услугата, имајќи го во предвид следното:

- утврдување на технички недостатоци на објектот кои би можело да допринесат влез на глодари или инсекти;
- утврдување на степен на хигиената од страна на вработените, односно хигената во гардеробите, адекватно и навремено чување и исфрлување на отпадоците;
- утврдување на можни жаришта за размножување на глодари и инсекти;
- ќе се утврдат местата каде ќе се постави мониторингот и УВ ламбите;
- ќе се предлагаат превентивни мерки за контрола на птици;

б) Четири рутински контроли (на секои 90 дена):

- прва рутинска контрола во август 2025
- втора рутинска контрола во ноември 2025
- трета рутинска контрола во февруари 2026
- четврта рутинска контрола во мај 2026

При самите контроли ке се следи степенот на инфестација од штетни глодари и инсекти односно контрола на поставениот мониторинг и ќе се предлагаат превентивни мерки или мерки за нивна елиминација и контрола.

Член 5

Извршителот на услугата има право на дополнителна наплата, доколку на посебно барање на корисникот на услугата бидат извршени активности за дезинфекција дезинсекција и дератизација кои не се предвидени во овој договор. Дополнителните активности ќе бидат наплатени врз основа на ценовник на Извршителот на услуги. По достава на писмено барање (кое е прифатливо да биде и во електронска форма) за дополнителните услуги,страните врз основа на взаемна согласност ќе го договорат начинот на реализација на дополнителните активности.

Член 6

Извршителот на услугата се обврзува, сето она што ќе го осознае за корисникот на услугите во текот на своето работење да го чува како деловна тајна.

Извршителот на услугата изјавува дека при извршувањето на задачите кои се предмет на неговата работа во целост ќе се придржува до прописите кои се однесуваат на заштита на работното место,заштита од пожар и заштита на околината и дека поседува дозвола за вршење на дејност дезинфекција дезинсекција и дератизација.

Извршителот изјавува дека за време на партнерските односи со корисникот на услугата, покрај наведените прописи, ќе се придржува до интерните правила и упатства кои се однесуваат на пдрачјето за заштита на работното место,заштита од пожар и заштита на околината.

Извршителот изјавува дека за извршувањето на своите обврски - располага и ќе ангажира стручни и оспособени лица за ваков вид на услуги.

Обврски на корисникот на услугите

Член 7

Корисникот на услугите се обврзува да:

- овозможи непречено извршување на услугите во просторот предвиден во член 1 од овој договор;
- изврши физичко чистење на опремата и просторот предвиден во член 1 од овој договор, по налог на извршителот на услугата како би се створиле услови за извршување на контролите;
- пред секој договорен третман да ги одстрани сите забелешки кои со записник ке ги предложи исвршителот на услугата, а доколку не бидат исполнети извршителот на услугата ќе го одложи третманот се до нивно исполнување;
- да определи одговорно лице за соработка;
- да води сметка да не се оштетуваат поставените П.В.Ц. кутии за мамци за глодари;
- да води сметка да не се оштетуваат поставените феромонски мамци за исекти;
- да води сметка да не се оштетуваат поставените етикети за евиденција на поставениот мониторинг;
- да се грижи за документите од член 3 од овој договор и да не ги презентира пред неовластени лица;

Доколку корисникот на услугите не постапи согласно обврските од овој член, извршителот на услугите не одговара за евентуалната штета што би настанала заради тоа.

Цена и динамика на плаќање

Член 8

Корисникот на услугата се обврзува да му плати на извршителот на услугата вкупен годишен надомест кој е фиксен во износ [redacted] нари. Во надоместот не е вкалкулиран важечкиот ДДВ кој одделно ќе биде истакнат во фактурата а паѓа на товар на Корисникот на услугите.

Обврската за плаќање Корисникот на услугите ќе ја врши на сметка на Извршителот на услугата на две (2) рати со следната динамика:
Прва рата 15.08.2025 година, со вкупен износ од [redacted] + 18% ДДВ со рок на плаќање 8 дена
Втора рата 15.02.2026 година, во вкупен износ од [redacted] и + 18% ДДВ со рок на плаќање 8 дена

Извршителот на услуги ќе изготви побарување (фактура) и ќе го достави на Корисникот на услуги. Побарувањата врз основа на утврдената динамика и договорена цена ќе бидат наплатливи најкасно до датумите договорени погоре.
Во случај на доцнење, Извршителот на услуги ќе прекине со извршувањето на своите активности се до нивно реализирање.

Важност и раскинување на договорот

Член 9

Овој договор е со важност од една година сметајки од денот на потпишување од двете страни. Овој договор може да се продолжи со Анекс на договор.

Останати одредби

Член 10

За сето она што не е предвидено во овој договор ќе се применуваат соодветни законски одредби.

Член 11

Во случај на евентулни спорови по овој договор, договорените страни ќе настојуваат истите да ги разрешат спогодбено, а во спротивно за истите како надлежен суд го назначуваат Основен Суд Скопје 1 – Скопје.

Член 12

Овој договор е составен од 4 страни, во четири примероци, од кои по два са секоја страна.

Извршител на услугите

ПРИМАТЕКС Бранка ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

Корисник на услугите

ГОЛДЕН Б ДООЕЛ с.Вазарово Скопје

KPAJ